Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 15.10.2023

На 15.10.2023 во 02.10 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода А.М.Д.(24) од с.Стајковци, скопско, затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 23.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода К.Ѓ.(36) и А.К. (38), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 14.30 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.В.(32) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 13.30 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 12.10 часот на Граничен премин „Св.Наум", полициски службеници ги лишиле од слобода И.П.Р.В.Ф.(19) и Б.Т.А.А.(41), двајцата од Франција. При преглед во патничкото возило „рено твинго" со француски национални ознаки, кое го управувал И.П.Р.В.Ф., а сопатник бил Б.Т.А.А., била пронајдена и одземена марихуана. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 12.25 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека во с.Сливница, ресенско, била пронајдена неактивирана артилериска граната од Првата светска војна калибар 60 мм. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола ја подигнал гранатата. Увид бил извршен.

Вчера (14.10) во 21.15 часот во ОВР Крушево било пријавено дека 68-годишна жена сака да се фрли во езерото во близина на Крушево. Полициски службеници се упатиле кон езерото и ја затекнале жената кога скокнала во езерото. Веднаш, полициски службеник од Полициската станица од општа надлежност Крушево, Н.П. скокнал во езерото по неа и ја спасил, по што е пренесена во Здравствен дом Крушево.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 155 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 37 санкции, 15 санкции за возење без возачка дозвола, осум санкции за управување возило под дејство на алкохол, девет мерки за користење на мобилен телефон при управување возило...

На 14/15.10.2023 во периодот од 23.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола во која вкупно биле откриени и санкционирани 16 возачи (ТЕ-10 и ГВ-6) кои ги управувале возилата под дејство на алкохол. Кај најголемиот број од нив (ТЕ-5 и ГВ-2) биле констатирани, односно измерени од еден до еден и пол промили алкохол во организмот.Сите возачи-прекршители кои управувале под дејство на алкохол веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се поднесоци со парични глоби, кои за овој вид прекршок, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се движат од 225 до 375 евра во денарска противвредност. Покрај тоа, времено им се одземени и возачките дозволи. При контролата биле откриени и со соодветни поднесоци заокружени и 13 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-5).

На 14.10.2023 околу 19.00 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на магистрален пат Кичево-Охрид, во нас.Горица, патничко возило „мерцедес" со кичевски регистарски ознаки, управувано од М.М.(36) од с.Другово,. кичевско, удрило во пешакот Р.Д.(61) од с.Могорче, дебарско. Од здобиените повреди, Р.Д. починал на местото, а смрт констатирал лекар од Медицински центар Кичево. Увид на местото извршиле екипа на Полициската станица Кичево и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 14.10.2023 околу 17.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека во с.Доброшане, кумановско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл со кумановски регистарски ознаки, управуван од К.С.(20) од Куманово и велосипед управуван од малолетник од Куманово. Во несреќата, мотоциклистот К.С. се здобил со тешки телесни повреди, додека малолетникот се здобил со телесни повреди, констатирани во Ургентен центар во Куманово. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Куманово.

На 14.10.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ј.Ј.(44) од Скопје пријавил дека во парк на ул.„Христо Татарчев" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 14.10.2023 во 16.00 часот во атар на с.Сопот, велешко, полициски службеници од СВР Велес и од Шумска полиција ги лишиле од слобода Т.С.(51), Е.И.(28), Џ.И.(40), М.Ј. (39), Х.С.(35) и С.С.(35), сите од с. Бузалково, велешко. Тие биле затекнати при нелегална сеча на огревно дрво и кај нив биле пронајдени три моторни пили и товарно возило натоварено со четири кубни метри исечено огревно дрво, а во близина на местото биле пронајдени уште 10 кубни метри исечено огревно дрво. Возилото и пилите биле одземени за понатамошна постапка, а дрвата ќе бидат пренесени од Шумска полиција и Шумско стопанство. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.10.2023 во 06.20 часот во Пехчево, полициски службеници од ОВР Берово го приведе Ш.С.(34) од Пехчево. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен суд Берово за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Штип за издржување на казната.

На 14/15.10.2023 во периодот од 23.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 14 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-03, Струга-08, Кичево-03). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 15.10.2023 во 02.00 часот во угостителски објект на подрачје на Аеродром, полициски службеници кај С.Љ.(34) од Скопје пронашле и одзеле нож. Против него ќе биде поднесен соодветен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 14.10.2023 околу 23.30 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје кај малолетник од Скопје пронашле и одзеле нож. Против него ќе биде поднесен соодветен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 14.10.2023 во 23.05 часот пред угостителски објект во с.Кривогаштани, полициски службеници од Полициското одделение Кривогаштани го приведе С.Ј.(48) од Прилеп, со живеалиште во с.Мауучиште, прилепско, затоа што се однесувал агресивно и оштетил дел од инвентарот во објектот. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2023 во 00.40 часот во кумановско село, полициски службеници од СВР Куманово го приведе К.П.(23) од селото затоа што се однесувал агресивно во неговиот дом и се заканувал на членовите на семејството. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10 2023 во 02.15 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го приведе Д.К.(25) од Скопје затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 21.30 часот во струмичко село, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Џ.К.(39) од селото затоа што физички ја нападнал неговата 33-годишна невенчана сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.10.2023 во 13.50 часот крстосница за с.Јричани, дојранско, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Стар Дојран при регионалниот центар за гранични работи Зуг дале знак за запирање на товано возило „ман" со скопски регистарски ознаки, но возилото продолжило со движење. Набргу, кај место викано „Сува Река" на подрачје на Богданци, возачот го запрел возилото и го напуштил местото. При преглед во возилото биле пронајдени 28 лица мигранти од Сирија, Египет, Индија и Палестина. За настанот бил известен јавен обвинител, по чија наредба мигрантите биле сместени во Прифатен центар за странци во Скопје и прифатно-транзитен центар во Гевгелија. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2023 во 04.12 часот во СВР Битола било пријавено дека во казино во Демир Хисар, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу И.К.(33) од Демир Хисар и З.К.(33) од с.Единаковци, демирхисарско. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 16.25 часот во СВР Куманово, А.Д.(34) од Крива Паланка пријавил дека бил физички нападнат од М.А. и А.А. од Крива Паланка. Полициски службеници излегле на местото и по преземени мерки било констатирано дека на ул.„Св.Јоаким Осоговски" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Д. и А.А.(22) од Крива Паланка. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2023 во 04.30 часот во СВР Куманово, М.З.(41) од Куманово пријавила дека на 14.10.2023 околу 21.30 часот во централното градско подрачје, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.10.2023 во 13.15 часот во СВР Скопје, М.В.(27) од Скопје пријавил дека околу 10.30 часот на подрачје на Гази Баба, поради нерасчистени имотно правни односи, бил физички нападнат од В.Ѓ.(женско лице) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.10.2023 во 19.50 часот во ОВР Гостивар, Ш.Н.(47) од Гостивар пријавила дека околу 18.00 часот била физички нападнат од С.Т. од Гостивар. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2023 во 20.30 часот во ОВР Гостивар, И.Ш.(38) од Гостивар пријавил дека околу 16.15 часот на ул.„Седек Костоски" во Гостивар бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2023 во 10.25 часот во ОВР Неготино, Ј.И.(72) од с.Пепелиште, неготинско, пријавил дека на 13.10.2023 околу 13.00 часот во селото бил физички нападнат од С.А. од с.Пепелиште. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.10.2023 во 09.00 часот во СВР Скопје, Д.А.(44) од Скопје пријавил дека околу 08.30 часот на подрачје на Бит Пазар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2023 во 00.30 часот во СВР Битола, А.К.(35) од Битола пријавил дека на 14.10.2023 околу 22.15 часот во Битола, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2023 во 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во дворот на дом за згрижување на деца на ул.„Перо Наков" во Скопје, од кој бил зафатен и објектот на домот. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

На 14.10.2023 во 22.10 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го приведе П.Д.Е.Ф.(68) од Сојузна Република Германија поради сторен прекршок по Законот за странци, односно затоа што незаконски престојувал на подрачјето. Тој бил задржан во полициска станица и ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 14.10.2023 во 22.00 часот во ОВР Неготино, 39 - годишна жена од Неготино пријавила дека околу 20.30 часот во близина на спомен костурница Неготино, едно лице ја допирало по телото нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.10.2023 во 18.57 часот во Полициската станица Пробиштип, Е.С.(44) од Пробиштип пријавила дека нејзиниот татко Д.Ѓ.(70) од Пробиштип се оддалечил од својот дом. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет